Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-4997/8
09.12.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-4997/8
09-12-2020 год.
Скопје

Врз основа на член 22 од Законот за вработените во јавниот („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 и 267/20), а во врска со објавениот оглас бр.6/2020, Државниот секретар донесе:

# ОДЛУКА

## за неввршење на избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас на определено време

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидатот Трајановска Емилија за работното место - **Советник за мониторинг на спроведување на инфраструктурни проекти во градот Кичево, во рамките на Проектната единица за имплементација на проекти** за реконструкција и проширување на канализациони мрежи и изградба на пречистителни станици за отпадни води за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води во Кичево и проектот проширување и рехабилитација на канализациона мрежа за општина Кичево во рамките на ИПА 2-1 **извршител;** по јавен Оглас бр. 6/2020 за вработување на лица на определено време, во Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 02.12.2020 година, беше објавен јавен оглас под број 6/2020 година за потребата од вработување на 3 (три) извршители на определено време во дневните весници „Слободен печат" и „Lajm", меѓу кои и за работното место **Советник за мониторинг на спроведување на инфраструктурни проекти во градот Кичево, во рамките на Проектната единица за имплементација на проекти** за реконструкција и проширување на канализациони мрежи и изградба на пречистителни станици за отпадни води за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води во Кичево и проектот проширување и рехабилитација на канализациона мрежа за општина Кичево во рамките на ИПА 2-1 **извршител**.

Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето.

На ден 09.12.2020 година, Комисијата за селекција за ангажирање на лица на определено време формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во функција на спроведување на постапката за вработување на лица за извршување на работите

од точка 1 на оваа Одлука, во Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе постапка што е констатирано на записник од административна селекција.

По завршената административна селекција за ангажирање на лицата на определено време со записник бр. 04-4997/5 од 09.12.2020 година, констатирано е дека Трајановска Емилија не ги исполнува условите што се бараат во огласот односно нема уредна документација и нема работно искуство потребно за работното место од точка 1 од ова одлука.

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

Државен секретар

КАЈА ШУКОВА

***Правна поука**: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од (8)осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Министерството за животна средина и просторно планирање до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен*